**Прашања и одговори поврзани со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/15)**

1. **Прашање: На кој начин треба да се применат одредбите од точката 66-а од Одлуката, имајќи ги предвид барањата на останатите одредби од Одлуката?**

Со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/15) не се менува досегашниот пристап во примената на соодветните пондери на ризичност, факторите на конверзија и инструментите за кредитна заштита за изложеноста врз основа на дозволените пречекорувања на трансакциските сметки (негативни салда на тековни сметки) и на издадените кредитни картички, при утврдувањето на активата пондерирана според кредитниот ризик. На овие изложености и понатаму ќе се применува соодветниот пондер на ризичност/фактор на конверзија, согласно со точките 38 и 66 од Одлуката.

Со новата точка 66-а од Одлуката, се воведува обврска за банката **да применува дополнителен пондер на ризичност од 75%** на позитивната разлика помеѓу изложеноста врз основа на дозволени пречекорувања на трансакциските сметки и на кредитните картички на датумот на кој се известува и на 31 декември 2015 година. **При утврдувањето на оваа разлика**, банката го зема предвид вонбилансниот износ на овие изложености, без да го примени соодветниот фактор на конверзија и инструментот за кредитна заштита.

Одредбите од оваа точка се применуваат без разлика дали банката има портфолио на мали кредити или не.

2. **Прашање: Што се подразбира под термините: „кредитна обврска", „кредитен однос" и „обврска за кредитирање"?**

Согласно со точката 38 од Одлуката, термините „кредитна обврска" / „кредитен однос" и „обврска за кредитирање", ги опфаќаат сите обврски/односи врз основа на договор за финансиски кредит којшто е предмет на гарантирање од страна на банката, без разлика од кого е одобрен тој финансиски кредит (банка, друга финансиска институција или други деловни соработници).

3. **Прашање: Кој пондер на ризичност треба да се примени на долгорочните потрошувачки кредити со рок на достасување над 8 години коишто се покриени со инструменти за кредитна заштита од главата VI.2 од Одлуката? Дали на долгорочните потрошувачки кредити покриени со станбен објект може да се примени пондер на ризичност од 35%?**

Банката треба да ги применува соодветните пондери на ризичност на долгорочните потрошувачки кредити коишто се покриени со инструмент за кредитна заштита, согласно со главата VI.2 од Одлуката. Исто така, банката применува пондер на ризичност од 35% на долгорочните потрошувачки

кредити коишто се покриени со станбени објекти, доколку се исполнети критериумите од точка 71 од Одлуката.

**4. Прашање: Дали при утврдувањето на покриеноста на побарувањето со деловен простор, согласно со точката 72 став 2 алинеја 3 од Одлуката, банката може да земе дел од побарувањето коешто ги исполнува останатите услови од оваа точка?**

Согласно со точката 72 став 2 алинеја 3 од Одлуката, банката применува пондер на ризичност од 75% на побарувањето покриено со деловен простор доколку **вкупниот износ на побарувањето**, без да се намали за износот на издвоената исправка на вредноста, односно посебната резерва и без да се коригира за факторите на конверзија и инструментите за кредитна заштита, не е поголем од 50% од пазарната вредност на деловниот простор.

**5. Прашање: При утврдувањето на потрошувачките кредити со договорен рок на достасување еднаков или подолг од осум години на кои ќе се примени пондер на ризичност од 150%, се земаат предвид потрошувачките кредити одобрени по датумот на примена на измените и дополнувањата на Одлуката (1 јануари 2016 година). Дали за овие потреби се зема предвид датумот кога е донесена одлука во банката за одобрување на потрошувачкиот кредит, или се зема предвид датумот на првиот излез на пари?**

За потребите на точката 8 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 223/2015), како датум на одобрување на потрошувачкиот кредит треба да се земе датумот на првиот излез на пари.